Број: 02 - _____
_____ 2016 година
С к о п ј е

ЗАПИСНИК
од СС-та седница на Управниот одбор на
Фондот за здравствено осигурување на Македонија,
одржана на 16 мај 2016 година со почеток во 13.00 часот во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија

Присутни членови на Управниот одбор:

- *Елена Трпковска, претставник од Министерството за финансии - претседател;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*
- *Прим. М-р Д-р Илија Глигоров, претставник на пензионерите во Република Македонија - член;*
- *Д-р Тања Дејаноска, претставник на стопанствениците во Република Македонија - член;*

Отсутни членови на Управниот одбор:

- *Ангел Митевски, претставник од Министерството за здравство - заменик на претседателот;*
- *Проф. Д-р Бистра Ангеловска, претставник од Лекарската, Фармацевтската и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *Д-р Ненад Гавриловиќ, претставник на осигурениците – член.*

*Отсутната Бистра Ангеловска врз основа на членот 22 на Деловникот за работата на Управниот одбор**,** на 14 мај испрати известување за своето гласање по двете точки предложени за дневниот ред. Со тоа согласно деловникот се смета дека била присутна на седницата и гласала за предлозите.*

Присутни од ФЗОМ:

- *Д-р Сашо Стефаноски, директор на ФЗОМ;*
- *Орхан Рамадани, директор на ФЗОМ;*
- *Игор Неловски, советник на директорот (делумно присутен);*
- *Даниела Јовческа Ѓуровска, директор на секторот за правни работи (делумно присутна);*
- *Владимир Димковски, раководител на одделението за план и анализа (делумно присутен);*
- *Христо Трповски, раководител на одделението за регрес и судски постапки, во својство на записничар.*

Седницата ја водеше претседателката на Управниот одбор Елена Трпковска. На почетокот утврди дека на седницата се присутни четири членови на Управниот одбор и дека отсутната Бистра Ангеловска испратила известување за своето гласање по двете точки предложени за дневниот ред. Со тоа, согласно членот 22 на Деловникот за работата на Управниот одбор, се смета дека била присутна на седницата и гласала за предлозите. Имајќи го тоа во вид,

констатира дека условите за полноважно работење и одлучување се исполнети, по што го прочита претходно доставениот

П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н Р Е Д

- *Усвојување на записниците од 198-та и 199-та седница на Управниот одбор*

1. *Предлог за утврдување и ревидирање на референтни цени на здравствени услуги;*
2. *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на вкупниот договорен надоместок на јавните здравствени установи за 2016 година;*
3. *Разно.*

Потоа наведе дека од директорот на Фондот е побарано дневниот ред да се прошири со разгледување на предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во 2016 година. Предлогот беше едногласно прифатен, со што за работата на СС-та седница се усвои следниот

Д Н Е В Е Н Р Е Д

- *Усвојување на записниците од 198-та и 199-та седница на Управниот одбор*

1. *Предлог за утврдување и ревидирање на референтни цени на здравствени услуги;*
2. *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на вкупниот договорен надоместок на јавните здравствени установи за 2016 година;*
3. *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во 2016 година;*
4. *Разно.*

Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред. Се констатира дека согласно известувањето на Бистра Ангеловска која се изјасни за двете точки кои беа предложени за дневниот ред на денешната седница, а врз основа на членот 22 на Деловникот за работата на Управниот одбор, ќе се смета дека позитивно се изјаснила за точката 1 - Предлог за утврдување и ревидирање на референтни цени на здравствени услуги, додека за точката 2 - Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на вкупниот договорен надоместок на јавните здравствени установи за 2016 година ќе се смета дека била воздржана. Ова од причина што за втората точка пред почетокот на седницата е даден изменет предлог.

- *Усвојување на записниците од 198-та и 199-та седница на Управниот одбор*

Управниот одбор без забелешки, едногласно ги усвои записниците од 198-та седница одржана на 25 април 2016 и од 199-та седница одржана од 6 до 10 мај 2016 година.

ТОЧКА 1 - *Предлог за утврдување и ревидирање на референтни цени на здравствени услуги*

Воведно објаснување на предлогот даде директорот Стефаноски по што Игор Неловски како претседател на Комисијата за референтни цени на услуги на Фондот даде подетално

образложение. Најпрвин наведе дека комисијата на редовна основа прави ревидирање на цените на здравствените услуги, односно доколку по основ на анализи за висината на трошоците и по основ на барања на здравстените установи се утврди потреба, му предлага до Управниот одбор утврдување или измени на рефентните цени. Врз основа на работата на Комисијата во претходниот период се предлага да бидат разгледани две групи на предлози: 1. Нови здравствени услуги и цени (во дејностите Интервентна радиологија и интервентна неврохирургија, Интервентна кардиологија и кардиохирургија, Ортопедија и трауматологија, Имунологија, Стоматологија и Рехабилитација на слух, говор и глас) и 2. Измени на постоечки цени во дејностите Интервентна радиологија и интервентна неврохирургија и Ортопедија и трауматологија.

Потоа членовите на Управниот одбор поставуваа прашања за одделните услуги а одговори и дополнителни објаснувања даваа директорите Стефаноски и Рамадани и Игор Неловски. Елена Трпковска праша кои услуги влегуваат во условниот буџет на здравствените установи а побара и да се направи финансиска пресметка на заштетиде што би се добиле со утврдувањето на цените на неврохируршките здравствени услуги за кои сега осигурените лица се упатуваат на лекување во странство. Игор Неловски одговори дека сите услуги влегуваат во условните буџети а директорот Рамадани рече дека бараната пресметка ќе биде обезбедена. Дискусијата продолжи понатаму за цените на стоматолошките здравствни услуги и цената на хемодијализа во домашни услови во која дискусија учествуваа сите членови на Управниот одбор.

Откако дискусијата беше исцрпена, предлозите беа ставени на гласање.

Елена Трпковска беше воздржана додека за предлозите гласаа Љубиша Каранфиловски, Илија Глигоров и Тања Дејаноска како и Бистра Ангеловска која пред седницата испрати известување за своето гласање. На тој начин, Управниот одбор ги донесе предложените

Одлука
за изменување на Одлуката за утврдување на референтни цени во болничката здравствена заштита за акутни случаи

Одлука
за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко – консултативна здравствена заштита – амбулантски

Одлука
за дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени за пакети на завршени здравствени услуги од болничката здравствена заштита од областа на кардиологија

Одлука
за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на пакети на завршени епизоди на лекување за специјалистичко – консултативна стоматолошка здравствена заштита на специфични и комплексни случаи

и

Одлука
за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтна цена за пакети за завршени здравствени услуги од болничката здравствена заштита од областа на пластичната и реконструктивната хирургија

ТОЧКА 2 - *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на вкупниот договорен надоместок на јавните здравствени установи за 2016 година*

Пред седницата на членовите на Управниот одбор им беше поделен изменет предлог со кој средствата за зголемувањето на надоместокот на ЈЗУ Здравствен дом Штип, наместо со намалување на висината на договорниот надоместок на ЈЗУ Клиничка болница Штип, се обезбедуваат со намалување на надоместокот на ЈЗУ Клиничка болница Битола. Поради измената на предлогот, во однос на оваа точка отсутната Бистра Ангеловска се смета дека била воздржана, иако позитивно се изјасни по пат на е-меил известување.

Љубиша Каранфиловски наведе дека е изненаден од измената во предлогот и праша дали е таа базирана на конкретни податоци односно зошто сега се предлага намалување на надоместокот на битолската клиничка болница.

Директорот Стефаноски објасни дека предлогот е врз основа на прецизните податоци со кои располага Фондот за учинокот на јавните здравствени установи, согласно кои намалувањето кај Клиничката болница Битола се предлага заради неостварување на видот и обемот на здравствени услуги за првиот квартал за 2016 година.

За предлогот гласаа Елена Трпковска, Љубиша Каранфиловски, Илија Глигоров и Тања Дејаноска а за воздржана се смета Бистра Ангеловска. На тој начин, Управниот одбор донесе

Одлука
за изменување на Одлуката за утврдување на вкупниот договорен надоместок на јавните здравствени установи за 2016 година

ТОЧКА 3 - *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во 2016 година*

Во рамките на третата точка на дневниот ред, Управниот одбор без дискусија, едногласно донесе

Одлука
за изменување на Одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во 2016 година

со која се измени месечниот износ на средства за една здравствена установа заради вршење на исправка на износот утврден со одлуката донесена на 198-та седница.

По донесувањето на одлуката од точката 3, бидејќи не беа дадени предлози за разгледување под точката 4 – Разно, дневниот ред беше исцрпен и Управниот одбор во 15.00 часот заврши со работата на СС-та седница.

Записничар,
Христо Трповски

Управен одбор
Претседател,
Елена Трпковска

Согласен, директор:
Д-р Сашо Стефаноски
Орхан Рамадани Orhan Ramadani